Драги колеги, соработници и студенти,

Ве известуваме дека оваа година не сме во можност свечено да го одбележиме Денот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, 16-ти декември, заради актуелната состојба со пандемијата COVID-19.

Секоја година овој ден претставува симбол на вложениот труд, како на студентите, така и на професорите, симбол на нашите и ваши залагања за подобри наука и образование. Упатуваме честитки до сите студенти кои дипломираа или магистрираа во изминатава 2020 година! Терминот за подигање на дипломите, ќе биде дополнително објавен на веб страницата на факултетот.

Со задоволство објавуваме дека најдобриот дипломиран студент на Институтот за математика во изминатава 2020 година според времето на студирање и постигнатата просечна оценка е Маја Танчевска која дипломира на насоката теориска математика. Признание му одаваме и на студентот кој изминатава година ги заврши студиите со највисока просечна оценка, а тоа е Ерблина Зеќири, која исто така дипломира на насоката теориска математика.

Проф. д-р Ирена Стојковска,
Раководител на Институтот за математика

16.12.2020, Скопје